23651

НОВА МАКЕДОНИЈА - 28.10.1977 - СКОПЈЕ

ПРИЛЕП

# ИЗЛОЖБА НА СЛИКАРИ ОД ЗБРАТИМЕНИТЕ ГРАДОВИ

Под наслов „Средба на сликарите од збратимените градови“, неодамна во Прилеп беше отворена прва изложба со експонати на сликари од збратимените градови Јајце, Копар, Прилеп, Ваљево, Задар и Никшиќ. На изложбата беа презентирани 22 слики, од по тројца мош не големо интересирање меѓу прилепчани, а како што сме информирани ја посетија неколку илјади граѓани, ученици, младинци и работници.

Инаку, оваа изложба е прва од циклусот изложби што почна годинава, а е посветена на Титовите и наши јубилеи. Информирани сме дека таа ќе се остварува во сите збратимени градови, а со неа истовремено ќе се одбележува и Денот на ослободувањето на градовите. Од прилепските сликари со свои експонати застапени се **Ѓорѓи Ачески, Кирил и Васил Костов**.

Т. Л.